# US INFLUENCE IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AFTER THE PERIOD OF RENAMING

**Ilche Dimovski**
Sofia University Ss. Kliment Ohridski, Faculty of Philosophy, Sofia, Bulgaria,
ilce.dimovski@fikt.edu.mk

**Abstract:** The complex set of historical and political processes between the countries of the Western Balkans, as well as the absence of the EU from the region, complicates the process of building democratic and political capacities in these countries. The United States has a complex political approach to the Western Balkans, without having an exclusive ally in this part of the region. Although the region does not seem to be at the top of US policy priorities at the moment, the Western Balkans play an important role in its interests, especially when it comes to security issues, which have always been a top priority for the US administration. The public in the Republic of North Macedonia is still emotional about the process of changing the constitutional name, and the Prespa Agreement, although a closed topic for the US administration, at least judging by the last move of President Biden, is still not fully accepted, not only by the population, but also among some experts. Some critics comment on the distrust of the process "vis a vis" the constant blockades of the pre-accession negotiations with the EU, despite the name change, which by the way according to the amendments to the Constitution should be implemented in practice in parallel with the opening of EU negotiation chapters. This begs the questions: What is the US position on North Macedonia's strategic interests? Does and in what way does the United States influence North Macedonia through NATO? What are the benefits and prospects for North Macedonia from NATO membership? The purpose of this paper is to explain the US attitude towards North Macedonia from a geostrategic point of view by applying descriptive analysis. In 2008, after the Greek veto on Macedonia's membership in NATO, a Declaration on Strategic Partnership and Cooperation was signed between the United States and Macedonia, with which the United States guarantees the security of Macedonia, but without meaning a replacement for NATO membership. The Declaration is one of the most important agreements for North Macedonia, which emphasizes, among other things, the strategic commitment of both sides to Macedonia's integration into NATO and the EU, making the United States the only strategic partner and supporter (of the great powers) of Macedonia in its EU and NATO aspirations.
Finally, in 2020, through the North Macedonian Embassy in Washington, the instrument for joining the North Atlantic Treaty was deposited, with which North Macedonia officially became a member of NATO.
**Keywords:** geostrategic interests, NATO, Western Balkans, USA, R.N. Macedonia

# ВЛИЈАНИЕТО НА САД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПЕРИОДОТ НА ПЕИМЕНУВАЊЕТО

**Илче Димовски**
Софиски Универзитет Св. Климент Охридски, Филозовски Факултет, Софија, Бугарија,
ilce.dimovski@fikt.edu.mk

**Апстракт:** Сложениот сет на историски и политички процеси помеѓу земјите од Западен Балкан, како и отсуството на ЕУ од регионот, го отежнува процесот на градење на демократски и политички капацитети во овие земји. САД имаат сложен политички пристап кон Западен Балкан, без да имаат ексклузивен сојузник во овој дел на регионот. Иако се чини дека во моментот регионот не е во главните приоритети на американската политика сепак, Западен Балкан игра важна улога во нејзините интереси, особено кога станува збор за безбедносните прашања, кои секогаш се од врвен приоритет на американската администрација. Јавноста во Република Северна Македонија сеуште е под емоции од процесот на промена на уставното име, а Преспанскиот договор иако е затворена тема за америкнската администрација, барем судејќи по последниот потег на претседателот Бајден, сеуште не е целосно прифатен, не само кај населението, туку и кај дел од експертите. Дел од критичарите недовербата кон процесот ја коментираат vis a vis постојаните блокади за претпристапните преговори со ЕУ и покрај промената на името, кое патем согласно измените во Уставот треба да се имплементира во пракса паралелно со отварањето на поглавјата од преговорите со ЕУ. Од тука се поставуваат прашањата: Каков е односот на САД кон стратешките интереси на Северна Македонија? Дали и на кој начин САД влијае врз Северна Македонија преку НАТО? Кои се придобивките и перспективите за Северна Македонија од зачленувањето во НАТО? Целта на овој труд е со

примена на дескриптивна анализа да се образложи односот на САД кон Северна Македонија, од геостратешки аспект. Во 2008 година по грчкото вето за членство на Македонија во НАТО, беше потпишана Декларација за стратешко партнерство и соработка помеѓу САД и Македонија, со која САД ја гарантира безбедноста на Македонија, но без тоа да значи замена за НАТО членството. Декларацијата е еден од најважните договори за Северна Македонија, каде меѓудругото се потенцира стратешката определба на двете страни за интеграција на Северна Македонија во НАТО и ЕУ, со што САД од таа перспектива е единствениот стратешки партнер и поддржувач (од големите сили) на Северна Македонија во нејзините ЕУ и НАТО аспирации. Конечно во 2020 преку Амбасадата на Северна Македонија во Вашингтон беше депониран инструментот за пристапување кон Северноатланскиот договор, со што Северна Македонија официјално стана членка на НАТО.
**Клучни зборови:** геостратешки интереси, НАТО, Западен Балкан, САД, Р.С.Македонија

## 1. ВОВЕД

САД го проширија своето политичко присуство на Балканот, како преку билатерални политички и безбедносни односи, така и преку членство во НАТО, особено по Студената војна и за време на ју-конфликтот. (DW  на македонски јазик, 2021). САД и нивните европски сојузници посредуваа во сите поважни политички процеси во Северна Македонија. Нивниот ангажман беше видлив како при прекинот на граѓанскиот меѓуетнички конфликт во Македонија во 2001 година и потпишувањето и имплементирањето на Охридски рамковен договор, така и во решавањето на политичката криза во 2015-2017 година со потпишувањето на пржинските договори и решавањето на спорот со името со Грција и потпишувањето на Преспанскиот договор. Американската амбасада во Северна Македонија е особено активна не само на дипломатско ниво, туку и на повеќе полиња, па често јавноста е сведок на реакции на амбасадорите на социјалните мрежи или медиумите за тековни политички процеси и настани во државата. САД е единствениот стратешки партнер и поддржувач (од големите сили) на Северна Македонија во нејзините ЕУ и НАТО аспирации. Поддршката е и формално верифицирана преку потпишувањето на Декларација за стратешко партнерство и соработка помеѓу САД и Македонија, со која САД ја гарантира безбедноста на Македонија, но без тоа да значи замена за НАТО членството. Членството на Северна Макеоднија во НАТО стана реалност во 2020 година во моменти во можеби една од најглемите политички кризи во самата структура во НАТО. Од тука се поставуваат прашањата: Каков е односот на САД кон стратешките интереси на Северна Македонија? Дали и на кој начин влијае САД врз Северна Македонија преку НАТО? Кои се придобивките и перспективите за Македонија од зачленувањето во НАТО?  Целта на овој труд е со примена на дескриптивна анализа да се образложи односот на САД кон Македонија, од геостратешки аспект. Процесот за зачленувањето на Северна Македонија во НАТО, беше/е коментиран од НАТО критичарите vis a vis промената на името и безбедноста на регионот и државата, земајќи ги во предвид внатрешните меѓуетнички односи во државата и често споменуваните идеи за прекројувања на границите на Балканот и грчко-турскиот спор како две НАТО членки по однос на кипарското прашање. Јавноста во таа насока дополнително ја бранува нон-пејперот дистрибуиран од Словенечкиот премиер Јанез Јанша. Во првата глава на овој труд ќе се дискутира за америчко-македонските билатерални односи, додека во втората глава за влијанието на САД во Северна Македонија по периодот на преименувањето. Дека регионот и Северна Македонија се важни во надворешната политика на САД, осбено во делот на консолидирање на Јужното крило на САД и во насока на пробивот на Истокот во овој дел на Европа говорат и Извршната наредба на претседателот Бајден како и последниот Извештај на Стејт Департментот за напедокот на Северна Македонија. Како тоа ќе се одрази врз Северна Македонија останува да видиме.

## 2. БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ САД И СЕВЕРА МАКЕДОНИЈА

САД и Северна Македонија имаат добри билатерални односи со широк спектар на соработа во повеќе области, било тоа да се политички, економски, културни, воени или социјални. САД формално ја признаа Македонија во 1994 година, а земјите воспоставија целосни дипломатски односиво 1995 година. (U.S. Department of State, 2020). Иако уште од 1993 година, вооружените сили на Македонија соработуваат Националната гарда на Вермонт преку Програмата за државно партнерство. Изминатите децении на соработка, сите последователните администрации на САД без изклучок, ги поддржуваа(т) аспирациите на Северна Македонија за целосна интеграција во Евро-атлантските институции. Покрај тоа во таа соработка САД посветено помага и два поддршка во прифаќањето на инклузивната демократија и управување, во борбата против корупцијата и дискриминацијата, зајакнување на владеењето на правото, зајакнувањето и диверзифиција на економијата и промовирање на слободата на медиумите со цел да се изградат што е можно посилни демократски институции во целосно, инклузивно мултиетничко општество. САД учествуваат во

овие процеси и со финансиска поддршка во висина од одолу 1 милијарда американснски долари за овие две децении. Всушност САД биле дел од сите поважни политички процеси во Северна Македонија. Така САД и нивните европски сојузници посредува во прекинот на граѓанскиот меѓуетнички конфликт во Македонија во 2001 година, и директно ги поддржаа напорите на тогашната Влада и најголемите партии за мирно и политичко решение на кризата, од каде произлезе контроверзниот и често злоупотребуван за дневно политички интереси Охридски рамковен договор (U.S. Department of State, 2020), кој подоцна претставуваше вовед или појдовна точка за скандалозната т.н. Тиранска платформа. (Д. Марлов и С. Стојановски, 2017). Индикативно беше и учеството на САД во процесот на кроење на границите на општините по етнички клуч или територијалната поделба на македонските општини, односно со донесувањето на одлуката од тогашната администрација на САД за признавање на Македонија под уставното име, пред одржувањето на Референдумот, што критичарите го сметаа како дополнителен притисок врз граѓаните за неуспешен Референдум. Откако Грција стави вето на поканата на Македонија за членство во НАТО во 2008 година, САД потпишаа Декларација за стратешко партнерство и соработка со Македонија што беше сигнал за продолжување на посветеноста на САД. САД со ЕУ сојузниците посредуваа и во стабилизирањето на Македонија за време на политичката криза 2015-2017 година, која резултираше со промена на власта. Американската администрација го пофали и Договорот од Преспа од 2018 година помеѓу Грција и Македонија и изрази постојана поддршка за негово спроведување, за што зборува и последниот потег на претседателот Бајден. (The White House, 2021). Тоа ја отвори вратата за Северна Македонија да влезе во НАТО како 30-та членка на Алијансата, но од ветувањата за отворен пат за почеток на разговорите за пристапување во ЕУ, останаа само декларативните заложби, барем до овој момент. Всушност Македонија се приклучи на Партнерството за мир на НАТО во 1995 година и го започна својот Акционен план за членство во 1999 година, за на 22 октомври 2019 година, Сенатот на САД даде поддршка за членство на Северна Македонија во НАТО. Државниот секретар на САД, Мајкл Помпео ги пофали демократски реформи како и улогата на Северна Македонија во безбедноста и стабилноста на Западен Балкан, при што укажа дека ова е силна порака за отвореноста на НАТО кон земјите.

## 3. ВЛИЈАНИЕТО НА САД ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПЕРИОДОТ НА ПРЕИМЕНУВАЊЕТО

Членството на Северна Макеоднија во НАТО стана реалност во моменти на можеби една од најглемите политички кризи во самата структура во НАТО. Изјавите на претседателот Трамп, дека НАТО е застарен сојуз (POLITICO, 2019), и се почестите критики кон НАТО сојузиниците кои често беа во центарот на неговото внимание, па дури и заканите со напуштање на сојузот (колку и тоа да звучи грубо), како и одлуката за повлекување на војниците од Авганистан без консултација со НАТО сојузниците, беше коментирано од страна на неговите критичари како намера за поткопување на сојузот, што е пак во корист на Русија. (The Washington post, 2021). Претседателот на Франција Макрон постапките на неговиот колега ги коментираше во насока дека НАТО е на „мозочната смрт“ и дека треба да почне стратешки да се размислува за ЕУ како геополитичка сила сама за себе. (REUTERS, 2021). Овие изјави несомнено сериозно ја брануваа јавноста не само кај сојузниците, туку тоа предизвика поширок политички потрес што наиде на остри реакции не само кај критичарите, туку и од Столтенберг, кој јавно призна за недоразбирањата со претседателот Трамп и според неговото видување после промените во Белата Куќа, НАТО го преживеа предизвикот, со што следи процес на обновување на трансатлантските односи. (The Washington post, 2021). Што се однесува до членството на Северна Македонија во НАТО, тоа кај јавноста и експертите се гледа низ призмата, односно очекувањата за подобрена инфраструктурна поставеност, подобрата воздушна безбедност, подобрените демократски принципи и принципи на владеење на правото, намалувањето на тензиите од надворешните и од внатрешните фактори, унифицираноста во вооружувањето и опремата, систематското учество во програмите, тренинзите и мисиите што ги обезбедува НАТО, пристапот до информатичката технологија, информациите и заштитените податоци, гаранции што ги нуди сојузничкиот статус при влез во НАТО, помошта што ја нудат неговите структури наменети за кризни состојби во поглед на миграциите и несреќи настанати како последица од поплави, пожари и друго. (Т. Чековиќ, 2018). Всушност земјата долги години, обезбедува вредна поддршка за операциите и мисиите предводени од НАТО во Авганистан и Косово, иако од друг агол се поставува прашањето дали Северна Македонија успеа да ги исполни останатите критериуми кои се однесуваат на владеење на правото, зајакнување на демократски капацитети, подобрување на политичката клима и состојба како внатре така и надвор или пак придонесе во насока на отворање на нови прашања на Балканот. Познавачите на балканските политички процеси коментираат дека САД по Доналд Трамп треба да го вратат своето влијание на Западниот Балкан, но преку партнерство со ЕУ, а тоа е особено важно во насока на спротивставување на руското влијание и

големиот кинески продор. Иако сметаат дека вниманието на американската администрација е насочено кон други области согласно актуелните геостратешки интереси на САД (DW на македонски јазик 2021), сепак администрацијата на Бајден е активна во Северна Македонија, особено по зачленувањето на земјата во НАТО. Всушност влијанието на САД треба да се гледа низ неколку аспекти и тоа: Извршната наредба на претседателот Бајден, актуелниот Извештај на Стејт Департментот за напредокот на Северна Македонија, издавањето на НАТО безбедносните сертификати, како и дипломатски активности по периодот на преименувањето. Дел од аналитичарите на тоа гледаат и како одговор на обидите за влијание на Истокот во Северна Македонија, особено по интензивирањето на односите со Кина по набавката на кинески вакцини, откако владата не успеа истите да ги обезбеди од Западот во соодветни количини (VOA на македонски јазик, 2021). Откако македонската влада го отстапи армискиот полигон Криволак за потребите на НАТО, САД директно се вклучија во активности за прилагодување на истиот согласно потребите на НАТО. Чести беа(се) посетите на високи претставнци на американската администрација на полигонот каде македонски и американски војници изведуваа(т) градежни активносни за модернизација на иститот. (Министерство на одбрана, 2021). Потпишан беше и Меморандум за разбирање за безбедност на 5Г технологии кој беше оценет како исклучително важен за развојот на земјата како на економски план, така и на безбедносен план со оглед на новите предизвици од членството во НАТО. За аналитичарите Меморандумот е особено важен после експанзијата на Кина во областа на дигитализацијата и несмалениот притисок на САД врз европските сојузници за блокада на 5Г технологијата на Хуавеи. (Радио Слободна Европа на македонски јазик, 2020). Покрај тоа САД и Северна Македонија потпишаа нов Меморандум за безбедносна соработка, што значеше продолжување и надополнување на веќе потпишаниот Меморандум во 1994 година. Забележана беше и посетата на поранешниот генерал на САД и поранешен командант на здружените сили на НАТО за Европа, Весли Кларк, кој како добар познавач на регионот се заложил во наредниот период до го поттикнува интересот на компаниите од САД да инвестираат во Северна Македонија (ANADOLU AGENCY, 2020). Што се однесува пак на Извршната наредба на претседателот Бајден, таа всушност е продолжување на претходните извршни наредби на претхдодните претседатели. Истата се однесува за замрзнување на имот и забрана за влез во САД на лица кои претставуваат закана по безбедноста и мирот на секоја држава на Западен Балкан, а кои, меѓудругото, се одговорни или вклучени во попречување на имплементацијата меѓудругите и на Преспанскиот договор и Охридскиот рамковен договор, како и за лица кои директно или индиректно се вклучени во корупција, злоупотреба на јавни фондови, поткуп и слично. Имено американската администрација официјално ја прогласи борбата против корупцијата клучна за националната безбедност на САД. (VOA на македонски јазик, 2021). Иако Извршната наредба се однесува и има важност на територијата на САД, сепак брзо потоа американската амбасадорка на САД во Северна Македонија оствари средби со претседателот на Вадата како и со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ со цел да ги запознае со Наредбата (ПЛУСИНФО, 2021), (U.S. Embassy in North Macedonia, 2021). Таа сериозно ја брануваше(а) македонската политичка и експертска јавност, а реакциите на политичките партии по однос на истата, беа различни и со различни очекувања од истата. Од Европската унија, генерално не ја коментира одлуката на САД со образложение дека ЕУ има сопствени ангажмани на Западен Балкан, но дел од претставниците на ЕУ сметаат дека санкциите на Вашингтон се директно предупредување од американскиот претседател Џо Бајден до алчните и несовесни лидери на Западен Балканот по однос на клучното прашање за корупцијата. За експертите Извршната наредба на Бајден е бетонирање на геостратешките интереси на САД во овој дел на Југоисточа Европа, односно на неа се гледа како на нов механизам на притисок врз сите актери на Западен Балкан за внимателно однесување. Очигледно ЕУ не може да се справи со регионот, особено во делот на ветувањата за негова интеграција во Европското семејство и се поголемиот пробив на Русија, Кина и Турција од регионот (за која пак САД мака мачи да ја оттргне од рацете на Русија). Непосредно после Извршната наредба на претседателот Бајден следеше остар Извештај за напредокот на Северна Македонија на Стејт Департментот во кој беше нотирано високо ниво на корупција во државата, кое повторно беше тема на рекации од јавноста, експертите и политичките партии. Додека опозиијата обвинуваше(а) за корупција на највисоко ниво, премиерт Заев невешто се бранеше(и) дека корупцијата е во администрацијата на шалтерите. (DW на македонски јазик, 2021). Овие два документи може да се анализираат од два аспекти и тоа: Охридскиот рамковен договор и Преспанската спогодба со Грција се прашања од суштинско безбедносно значење за американската администрација и нивното потпишување е во насока на обезбедување на регионален мир и стабилност, како и услов за члентво на Северна Македонија во НАТО. На евентуалното нивно поткопување се гледа низ призмата на поткопување мирот и стабилноста во регионот, како и на Алијансата индиректно, односно поткопување на геостратешките интереси на САД во регионот. Второ нивото на криминал и корупција директно во врвот на власта, како и дискутабилната транспарентрност на медиумите, оставаат простор за туѓи свери на влијание, земјаќи ги предвид примерите за автопатиштата

во Северна Македонија и Црна Гора како пример за корупција кај поединци од власта, т.е. носителите на одлуки, со што дирекно се влијае врз истите. Загриженоста за ситуацијата со Република Српска во БиХ vis a vis односите со Русија, како и однесувањто на Грција и Унгарија во Европскиот парламент по однос напрашања поврзани за Кина, како и пробивот на Кина преку „маска“ и „вакција дипломатијата“ и интензивирањето на соработката помеѓу Кина и Северна Македонија (VOA на македонски јазик 2021) може да се смета како една од причините за доенсување на оваа Наредба. На почеткот на годината на насловните страници на весниците осамнаа наслови дека десетина баратели на НАТО сертификати од Северна Македонија се одбиени, меѓу кои и високи владини функционери. (Радио Слободна Европа на македонски јазик, 2021). Негативен одговор за НАТО безбедносен сертификат не е случај само во Северна Македонија, низ истиот тој процес поминале скоро сите земји, а негативни одговори добивале и во Бугарија, Црна Гора, Словачка, Чешка, Полска и други. (DW на македонски јазик 2021). Сепак од друга страна добро е да потсетиме на феноменот „партизани“. Конкретно, кога зборуваме за феноменот на „партизани“ во прв ред мислиме на актуелната ситуација во која што се наоѓа Северна Македонија како најмлада земја членка на НАТО vis a vis последните документи на американската администрација, а кои се однесуваат на Северна Македонија. Ако се земат предвид дека покрај поголемиот број на критериуми кои треба да ги исполнат барателите на НАТО безбедносен сертификат се и двата клучни критериуми, односно барателите да не соработувале со служба на држава која не е членка на НАТО или соработка со служби кои се непријателски за и кон НАТО и барателите да не се вмешани во криминал и корупција, а истото тоа се коментира низ призмата на геостратешкит интереси на САД во регионот изразени преку Наредбата и до некаде Извештајот за напредокот на државата, тогаш зошто за одредени лица проверката била негативна можеме само да предвидиме т.е. само да прогнозираме. Опциите се повеќестрани, но како најлогички се истакнувата извесна безбедносна контаминација на лицата со служби кои се непријателски за и кон НАТО, како и извесени сериозни „недостатоци“ на личниот интегритет на лицето кое се номинира да биде претставник во НАТО структурите. (И. Димовски, 2021). Дека Северна Македонија е важана за американската безбедносна политика говори и интерјуто на американскиот адмирал и командант на јужното крило во НАТО, Џејмс Прво, каде вели дека не станува збор само за бројот на војници кои Северна Мкедонија може да ги обезбеди на Алијансата, туку станува збор за граничната безбедност во која Северна Мкедонија придонесува за посилна Алијанса, а преку заедничката одбрана на границите на НАТО, Алијансата ја гаратира безбедноста на Европа (360степени, 2018).

## 4. ЗАКЛОЧОЦИ

Очигледно САД е единствениот стратешки партенер и поддржувач (од големите сили) на Македонија во нејзините ЕУ и НАТО аспирации, со реална и конкретна помош низ тие процеси. Американското влијание во процесите на донесување на клучни одлуки во Северна Македонија е очигледно и тоа непосредно се гледа преку однесуањето и документите кои ги продуцира амариканската администрација, а кои се однесуваат на Северна Македонија. Но сето тоа не значи дека американската администрација директно да се инволвира во градењето на демократски и политички капацитети во земјата, тоа е домашната задача на Северна Македонија. Очигледен е фактот без разлика на оправдувањата на власта, дека криминалот и корупцијата во државата се на високо ниво, длабоко навлезени во системот, започнувајќи од врвот на власта па надолу, а бората поротив нив е декларативна и селективна. Тоа е јасно нотирано во Извештајот на Стејт Департментот и скоро во сите извештаи на ЕУ за напредокот на Северна Македонија што меѓудругото е и една од основните причини за одолговлекувањето за почетот на предпристапните преговори со ЕУ. САД со последните дипломатски активности јасно ги дефинира нејзините геостратешки интереси во регионот, кои дирекно ги прокламира преку НАТО. Зајакнување на Јужното крило на Алијансата е нивни стратешки приоритет, vis a vis влијанието што Русија кое го остварува во Северна Македонија преку хибридните методи, како и влијанието на Кина преку дипломатските феномени кои најчесто се поврзани со поткупување на донесувачите на одлуките, а кои се дел од високите кругови на власта, без да се интересира за нивната политичка провиненција. Македонските власти треба да изберат помеѓу борба со корупцијата и криминалот во своите редови со што би обезбедиле поголема поддршка од САД и сојузниците во насока на интегрирање во ЕУ, но и посериозен третман од страна на сојузниците или декларативни заложби и оддалечување од западните вредности, влегувајќи во процеси кои ќе влијаат на иднината на државата. Дискусијата што во Северна Македонија стана актуелна на почетокот од годината, а која е поврзана со процесот на добивање на НАТО безбедносни сертификати исто така може да се третира како своевидена борба на НАТО сојузниците, за спречување на влијанија на непријателски служби за и кон НАТО, а кои несомено се инфилтрирани на различни нивоа и во различни области од општеството. Иако очекувањата на граѓаните од НАТО беа поголеми, една година од членството, видливо беше отсуството на солидарност кај НАТО сојузниците за

време на Covid пандемијата во насока на обезбедување на вакцини, што своевремено ја принуди македонската влада да посегне по кинеските за да обезбеди минимум имунизација, како и за задоцнетата реакција за време на актуелните пожари низ целата територија на државата кои нанесоа големи штети и човечки жртви, за што прва во пресрет излезе Србија, земја која не е членка на НАТО.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Атанасов, Г. (2020). *Корона кризата го јакне влијанието на Кина во Централна Азија*, Радио Слободна Европа, Достапно на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/30752977.html, [Пристапено 04.06.2021]

Димовски, И. (2021). *RUSSIA'S GEOPOLITICAL INTERESTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA DURING THE PERIOD OF RENAMING, International Journal*, *46*(5), p.873-878. Retrieved from: http://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/5242

Ѓуровски, М. (2021).*Американскиот камбек на Балканот и македонското прашање*, DW на македонски јазик, Достапно на: https://p.dw.com/p/3tQCs, [Пристапено 06.08.2021]

Маролов, Д., & Стојановски, С. (2017). *Охридскиот рамковен договор наспроти Тирана платформа,* Достапно на: https://eprints.ugd.edu.mk/18477/2/Ohrid%20vs%20Tirana%203.pdf

Трајковски, М. (2021). *Интензивирање на македонско-кинеските односи*, VOA- Гласот на Америка, Достапно на: https://mk.voanews.com/a/5896556.html, [Пристапено 06.08.2021]

Чековиќ, Т. (2018). *Повеќедимензионалните придобовки од зачленување во НАТО*

Влада на РСМ (2021), *Премиерот Заев го прими поранешниот генерал на САД Кларк: Со сигурноста што ја обезбеди членството во НАТО дојде и сигурноста во економијата и владеењето на правото за поттик на странски инвестиции*, Достапно на: https://vlada.mk/node/25871, [Пристапено 06.07.2021]

Министерство за одбрана (2021), *Шекеринска и Брнз на „Криволак“ – новите содржини на полигонот се резултат на сојузничка работа на македонските и американските инженерци,* Достапно на: https://mod.gov.mk/sekerinska-i-brnz-na-krivolak-novite-sodrzini-na-poligonot-se-rezultat-na-sojuznicka-rabota-na-makedonskite-i-amerikanskite-inzenerci/, [Пристапено 06.08.2021]

ПЛУСИНФО (2021), *Брнз го брифирала Мицкоски за извршната наредба на претседателот на САД*, Достапно на: https://plusinfo.mk/brnz-go-brifirala-mickoski-za-izvrshnata-naredba-na-pretsedatelot-na-sad/, [Пристапено 04.08.2021]

Радио Слободна Европа на македонски јазик (2021), *Десетина баратели досега одбиени за НАТО сертификат*, Достапно на: https://bit.ly/3lJsXSy l, [Пристапено 06.08.2021]

VOA – Гласот на Америка (2021), *Извршната наредба на Бајден не спречува дебата меѓу граѓаните, рече Стејт департментот*, Достапно на: https://mk.voanews.com/a/biden-macedonia-state-department-/5928514.html, [Пристепено 04.08.2021]

Вести (2021), *ИЗВРШНАТА НАРЕДБА НА БАЈДЕН - ПОРАКА ДА НЕ СЕ БЛОКИРААТ ПРОЦЕСИТЕ ВО ДРЖАВАВА, ОХРАБРУВАЊЕ И МОТИВАЦИЈА*, Достапно на: https://24.mk/details/izvrshnata-naredba-na-bajden-poraka-da-ne-se-blokiraat-procesite-vo-drzhavava-okhrabruvanje-i-motivacija, [Пристепено 05.08.2021]

24 Вести (2021), *ОСТАР ИЗВЕШТАЈ НА СТЕЈТ ДЕПАРТМЕНТОТ - КОРУПЦИЈАТА Е ПОСТОЈАН ПРОБЛЕМ ВО МАКЕДОНИЈА*, Достапно на: https://www.24.mk/details/ostar-izveshtaj-na-stejt-departmentot-korupcijata-e-postojan-problem-vo-makedonija, [Пристапено 06.08.2021]

360 степени (2018) *Интервју со американскиот адмирал Џејмс Фого, командант на јужното крило на НАТО*, Достапно на: https://360stepeni.mk/intervju-so-amerikanskiot-admiral-dhe/, [Пристапено 06.08.2021]

Congressional Research Service Report (2020), *North Macedonia: In Brief*, Available at: https://fas.org/sgp/crs/row/R45739.pdf, [Vewed 06.08.2021]

ANADOLU AGENCY (2020), *Северна Македонија и САД потпишаа Меморандум за разбирање за безбедност на 5Г технологии*, Достапно на: https://bit.ly/3juugSq, [Пристапено 06.08.2021]

DW на македонски јазик (2021), *До каде стигнале пипците на корупцијата*, Достапно на: https://p.dw.com/p/3y5ic, [Пристапено 07.08.2021]

POLITICO, (2019), *Jens Stoltenberg's (Trump) mission accomplished* , Available at: https://www.politico.eu/article/jens-stoltenberg-donald-trump-nato-secretary-general-brain-death-emmanuel-macron-mission-accomplished/, [Viewed 05.08.2021]

REUTERS (2021), *NATO needs to know who its enemies are, says Macron*, Available at: https://www.reuters.com/world/nato-needs-know-who-its-enemies-are-says-macron-2021-06-10/, [Viewed:04.08.2021]

The White House (2021), *Executive Order on Blocking Property And Suspending Entry Into The United States Of Certain Persons Contributing To The Destabilizing Situation In The Western Balkans*, Available at: https://www.whitehouse.gov/briefing-room/presidential-actions/2021/06/08/executive-order-on-blocking-property-and-suspending-entry-into-the-united-states-of-certain-persons-contributing-to-the-destabilizing-situation-in-the-western-balkans/, [Viewed: 05.08.2021]

The Washington post, (2021). *NATO Secretary General Jens Stoltenberg says 'need to rebuild trust' after Trump*, Available at: https://www.washingtonpost.com/world/europe/nato-stoltenberg-trump-biden/2021/01/21/e9bb2dae-5b5e-11eb-a849-6f9423a75ffd_story.html, [Viewed: 05.08.2021]

U.S. Department of State (2020),*U.S. Relations With North Macedonia*, Available at: https://www.state.gov/u-s-relations-with-macedonia/, [Viewed: 06.08.2024]

U.S. Embassy in North Macedonia(2021), *Ambassador Byrnes briefed Prime Minister Zaev and FM Osmani on the E.O. issued by President Biden*, Available at: https://mk.usembassy.gov/ambassador-byrnes-briefed-prime-minister-zaev-and-fm-osmani-on-the-e-o-issued-by-president-biden/, [Viewed: 04.08.2021]